## КАКО ЕКСТЕНЗИВНОТО ДА СТАНЕ ПРОДУКТИВНО

Пишува:
Илчо Маролов
АПРЗ РЕ Штип

Во ридскопланинските предели екстензивното говедарство се уште е основа за егзистирање на голем број земјоделски стопанства. Овие фармери, своето производство најчесто го базираат на скромните побарувања на пашитните раси буши и мелези од истите, чувани на чисто пашитен систем (испаша и прибирање во отворени аргачи), или пасишно шталски систем (испаша и прибирање во импровизирани штали, без третман на објект од траен карактер).

Скромните барања на овие говеда ги намалуват трошоците на производство и претставуват основа за некаква егзистенција, но во исто време овој начин на одгледување дава катасрофално лоши производствени резултати, кои го прават производството непродуктивно.

Освен генетските недостатоци на расата (касностасност, лош квалитет на месото, сезонско парење, сезонско телење и др.), за лошите производствени резултати (слаб прираст, лош рандман на колење, парење на две години, телење на две години и др.) директно допринесуваат и лошите сместувачки капацитети, отсуството на добрата земјоделска пракса и несоодветниот начин на исхрана.

Најчесто, пашитните говеда во зимскиот период, освен со испаша се прихрануват и со: јачмен, сол, јачменова слама, ливадско сено и по можност со луцеркино сено.

Исхраната е оскудна, и во неа отсуствуваат повеќе компоненти кои директно влијаат на споменатите лоши производствени резултати.

Лошата исхрана во зимскиот период доведува и до зголемена смртност на подмладокот, чести абортуси на високостелните јуници и крави, а во услови на екстремно ладни зими, како што беа изминатите и до зголемена смртност кај стелните крави и јуници.

За подобрување на производствените резултати, потребни се низа мерки и активности. За почеток би започнал со препораки од потребата за промени во начинот на исхрана во зимскиот период, со воведување на правилна исхрана за, следните категории:

Зимска исхрана за нископродуктивни крави

Зимска исхрана за телиња и јуниња, со планиран дневен прираст од минимум 500 гр/ден.

**Напомена**

При хранењето мора да се внимава дневниот оброк да биде од квалитетни суровини, добро избалансиран, вкусен, да ги обезбеди сите потребни хранливи материи (енергија, протеини, сурово влакно, протеини, минерали и витамини) и да обезбеди предуслови за добра продукција, раст и прираст на споменатата категорија говеда.

Калкулациите за дневни потреби од концентрирана и кабаста храна мора да бидат усогласени со финансиските и пазарните можности на споменатата целна група, за набавка на потребните суровини.

**Дневен оброк за нископродуктивни крави во зимскиот период**

| | Име на храната | СМ /Кг на ден | Учество за 1000 кг | Цена за кг | Цена на дневен оброк |
|---|---|---|---|---|---|
| **Кабаст дел** | | | | **5,52** | **46** |
| | Слама- јачменова | 0,89 | 99 | 4 | |
| | Сено -луцерка | 2,80 | 266 | 12 | |
| | Трева-пасиште | 3,02 | 300 | 0,3 | |
| **Концентриран дел** | | | | **21,66** | **68** |
| | Јачмен | 2,16 | 230 | 16 | |
| | Сончогледово ќуспе 33% | 1,09 | 92 | 33 | |
| | Дикалциум фосфат | 0,01 | 1 | 23 | |
| | Сол јодирана | 0,04 | 42 | 10 | |
| | Премикс за крави | 0,10 | 66 | 60 | |
| **ВКУПНО** | | **10,11** | **1 000** | **10,96** | **114** |

Самите расни особини и начинот на одгледување на систем крава-теле во екстензивни услови на одгледување, ги вбројува овие крави во нископродуктивни.

Во оброкот за нископродуктивни крави, мора правилно да се процени квалитетот на пасиштето и годишниот период (вегетација) на напасување, како извор на кабаста храна, која ќе влезе во потребниот % за обезбедување на кабаста храна во оброкот.

**Дневен оброк за телиња и јуниња со жива мера до 150кг  за прираст од мин. 500 гр/ден.**

| | Име на храната | СМ /Кг на ден | Учество за 1000 кг | Цена за кг | Цена на дневен оброк | Денари за кг/прираст |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Кабаст дел** | | | | **1,61** | **2,84** | |
| | Сено-луцерка | 0,2 | 50 | 12 | | |
| | Трева-пасиште | 1,58 | 400 | 0,3 | | |
| **Концентриран дел** | | | | **22,74** | **49,31** | |
| | Јачмен | 1,28 | 324 | 16 | | |
| | Сончогледово ќуспе 33% | 0,86 | 217 | 33 | | |
| | Сол јодирана | 0,01 | 26 | 10 | | |
| | Премикс за телиња | 0,02 | 55 | 70 | | |
| **ВКУПНО** | | **3,94** | **1 000** | **13,23** | **52,15** | **65,19** |

Оброкот за телиња и јуниња мора да  го има во предвид генетскиот потенцијал на екстензивните раси на говеда.

Мајчиното млеко цело време е вклучено во исхраната (систем крава-теле) и телињата цицаат до втората година.

Количината на луцеркино сено, постепено треба да се зголемува и да биде  во сразмерен соодност со развојот на бурагот.

Силажата не смее да биде вклучена во исхраната.

**Заклучок**

Фармерите мора добро да ги познаваат основните принципи за исхрана на говедата, како би можеле да ги одржуваат животните  во добра здравствена состојба.

Оброците вклучени во исхраната, мора да бидат добро избалансирани, како би имале добро производство и оптимален раст и развој на животното.

Добро избалансираниот оброк значи и добар профит.